# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТАТА СОСТОЈБА, ЕКОНОМСКИТЕ ПОЛИТИКИ И ЗАШТИТАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Јуни 2023

СПРОВЕДЕНО ОД
НАЦИОНАЛНИОТ ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ



# Содржина


I Методологија на истражување

II Демографска структура на испитаниците

III Клучни наоди

IV Општа состојба

V Оценка на економската состојба во земјата и во домаќинството

VI Запознаеност и оценка на мерките на Владата

VII Потрошувачко искуство и заштита на потрошувачите

VIII Гласачки преференции

IX Препораки

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО
## КВАНТИТАТИВНО ТЕРЕНСКО ЛИЦЕ В ЛИЦЕ, CAPI ИСТРАЖУВАЊЕ

### Популација
Граѓани на Република Северна Македонија, возраст 18+

### Временска рамка
13 – 24 Април 2023

### Дизајн на примерок
Национално репрезентативен повеќестепен стратификуван примерок на 1003 испитаници, возраст 18+.

Домаќинствата се пропорционално дистрибуирани во урбани и рурални населени места, имајќи ја предвид етничката припадност на граѓаните

### Истражувачки тим
Анкетарска мрежа од 44 анкетари и 10 регионални супервизори

### Големина на примерок
1003 испитаници
Маргина на грешка: ± 3.09% процентни поени на ниво на доверба 95%

### Просечно времетраење на едно интервју
24 минути

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- ✔ Предвидената **маргина на грешка за ова истражување изнесува ±3.09** процентни поени на 95% ниво на доверба.
    - Што ова значи? **Доколку истото истражување се спроведе 100 пати, очекуваме во 95** од тие истражувања **процентите на одговори да бидат некаде помеѓу оваа маргина на грешка**.
    - **Маргината на грешка е поголема помеѓу различни подгрупи на испитаници,** на пример помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци
- ✔ Истражувањето дава податоци за ставовите и мислењата на граѓаните за **одреден временски интервал**. Истото подлежи на промена со текот на времето.
- ✔ Сите истражувања можат да бидат **подложни на различни извори на грешки**, вклучувајќи ги, грешката на примерок, грешката на достапноста на испитаниците и грешката на мерење.
- ✔ Заради **заокружување на процентите**, збирот на процентите некогаш може да биде различен од 100.

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

## Дистрибуција според статистички регион




## Дистрибуција според место на живеење

| | |
|---|---|
| Град | 61% |
| Село | 39% |

## Дистрибуција според етничка припадност

| | |
|---|---|
| Македонци | 64% |
| Албанци | 25% |
| Други етнички заедници | 11% |

## Дистрибуција според пол

51% 49%

## Дистрибуција според возрасни групи

| | |
|---|---|
| 18-34 | 24% |
| 35-54 | 38% |
| 55+ | 38% |

# ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

## Дистрибуција според работен статус

| | |
|---|---|
| Вработени | 53% |
| Невработени | 14% |
| Студенти | 4% |
| Пензионери | 21% |
| Домаќинки | 8% |

## Дистрибуција според образование



| Основно | Средно | Високо |
|---|---|---|
| 26% | 51% | 23% |

## Дистрибуција според приматели на социјална помош



**5%** примаат социјална помош

**94%** не примаат социјална помош

1% одбиваат да одговорат

## Дистрибуција според семејни месечни приходи

| | |
|---|---|
| 11.000 или помалку | 2% |
| 11.000 – 21.000 ден. | 11% |
| 21.000 – 31.000 ден. | 14% |
| 31.000 – 41.000 ден. | 13% |
| 41.000 – 51.000 ден. | 16% |
| 51.000 – 61.000 ден. | 13% |
| Над 61.000 ден. | 15% |

16% одбиваат да одговорат / Не знаат

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# КЛУЧНИ НАОДИ

# КЛУЧНИ НАОДИ

**Економските проблеми стануваат сè поважни за граѓаните како резултат на инфлацијата и зголемените трошоци за енергија.**

- Економските проблеми се меѓу првите пет проблеми кои ги загрижуваат граѓаните и кои бараат итно решавање.
- Повеќе од половина од испитаниците (58%) се многу загрижени за намалениот животен стандард, ниските плати и ниските пензии.
- Седум од десет (71%) испитаници ги фаворизираат партиите кои имаат дефиниран план за подобрување на економската состојба.

**Владата може да стори повеќе за да воведе ефективни и влијателни антикризни мерки за подобрување на животниот стандард на граѓаните.**

- Мнозинството од испитаниците во истражувањето веруваат дека Владата незадоволително се справува со главните економски предизвици, како што се: животниот стандард, платите и вработувањето, критикувајќи ги ефектите од неодамнешните антикризни мерки.

**Социјалните категории со пониски приходи се повеќе погодени од кризата поради што е намалена нивната куповна моќ за основните намирници.**

- Речиси половина од испитаниците (44%) трошат најголем дел од семејниот буџет (повеќе од 60%) на храна.
- Речиси половина од испитаниците (48%) велат дека често или повремено имаат потешкотии да ги платат сметките на крајот на месецот, при што граѓаните од пониските социјални категории (89%) и оние кои живеат во руралните средини (53%) имаат поголеми потешкотии да ги покријат трошоците за живот.

# КЛУЧНИ НАОДИ

**Истражувањето покажува дека постои тенденција на промена во куповното однесување на луѓето кон намалување на трошењето што е спротивно на главниот принцип на пазарната економија**

- Речиси една третина од граѓаните (28.7%) сметаат дека намалувањето на потрошувачката е решение за надминување на актуелната економска криза

**За поодржлив економски раст, Владата мора да спроведе различни краткорочни и долгорочни мерки.**

- Перцепцијата на испитаниците е дека иднината не е толку светла, бидејќи речиси 40% веруваат дека економската состојба, животниот стандард и висината на платите и пензиите ќе се влошат во следните 12 месеци.

- Мнозинство граѓани (91%) сметаат дека зголемувањето на цените е најголемата закана за нивната финансиска состојба и ѝ предлагаат на Владата да даде приоритет на „стабилноста на цените“.

- Граѓаните ги поздравуваат одлуките на Владата за замрзнување на цените (83%) зголемување на минималната нето плата (72%) и ограничување на профитните маржи на основните прехранбени производи (68%).

- Мнозинството граѓани (67%) сметаат дека Владата треба да продолжи со субвенциите за прехранбените производи и сметките за струја (48%) како ефикасна мерка за ублажување на негативните ефекти од кризата.

- Краткорочно, мнозинството граѓани сметаат дека намалувањето на цените на одредени производи има ефекти, но тоа треба да се надополни со долгорочни мерки како натамошно зголемување на платите и пензиите.

# КЛУЧНИ НАОДИ

**Неодамнешната антикризна кампања имаше ограничен досег бидејќи значителен дел од граѓаните (39%) не беа информирани за повеќето мерки.**

- Повеќе од 50% од етничките Албанци и другите помали етнички заедници, жителите во руралните средини (49,5%), лицата со ниско образование (57,7%) и низок социо-економски статус не се доволно информирани за неодамнешните владини мерки.

**Перцепцијата на ефектите од антикризните мерки е под влијание на идеологијата на испитаниците и гласачките преференции.**

- Граѓаните со наклонетост кон опозициските партии сметаат дека Владата не успеала ефикасно да се справи со кризата, додека гласачите со наклонетост кон владејачките партии го сметаат спротивното.

**Голем дел од граѓаните ниту слушнале за програмата за заштита на потрошувачите, ниту имаат доверба во судството/институциите во случај на спорови со компании за купен производ**

- Повеќе од една третина од потрошувачите (38,7%) не се запознаени со нивните права како потрошувачи, додека 56% не знаат дека постои програма за заштита на потрошувачите.

- Уште позагрижувачки, повеќе од половина од потрошувачите (54%) не им веруваат на давателите на услуги, ниту на судството (71%) во случај на спор со компанија.

# ОПШТА СОСТОЈБА

# ОПШТА СОСТОЈБА

## Генерално, дали сметате дека нашата земја се движи во правилна или погрешна насока?




**Испитаници кои изјавиле дека земјата се движи во правилна насока според самопроценка на домаќинството**

| | |
|---|---|
| Сиромашно | 5% |
| Просечно | 11% |
| Добростоечко | 19% |

**Испитаници кои изјавиле дека земјата се движи во правилна насока според гласачки преференции**

| | |
|---|---|
| СДСМ | 56% |
| ДУИ | 27% |
| Алијанса на Албанците | 18% |
| Неопределени гласачи | 2% |
| ВМРО - ДМПНЕ | 0% |
| Левица | 0% |
| БЕСА | 0% |

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ОПШТА СОСТОЈБА

Која е главната причина поради која што нашата земја се движи во правилна насока?

ОТВОРЕНО ПРАШАЊЕ

% ОД ОНИЕ КОИ ВЕРУВААТ ДЕКА ЗЕМЈАТА СЕ ДВИЖИ ВО ПРАВИЛНА НАСОКА

База: 111 испитаници







База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ОПШТА СОСТОЈБА

Која е главната причина поради која што нашата земја се движи во погрешна насока?

ОТВОРЕНО ПРАШАЊЕ

% ОД ОНИЕ КОИ ВЕРУВААТ ДЕКА ЗЕМЈАТА СЕ ДВИЖИ ВО ПОГРЕШНА НАСОКА

База: 562 испитаници







База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# НАЈВАЖНИ ПРОБЛЕМИ

Кој е **ПРВИОТ** најважен проблем со кој се соочува нашата земја денеска?




**ЗАБЕЛЕШКА**

- **Животен стандард** почесто го споменуваат испитаниците на возраст од 35-54 години и лицата со помали семејни приходи
- **Криминалот и корупцијата** почесто го истакнуваат испитаници на возраст од 55+ и испитаници со повисоки семејни месечни примања
- **Невработеноста и иселувањето** се поголеми проблеми за помладите испитаници (на возраст од 18-34 години)

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# НАЈВАЖНИ ПРОБЛЕМИ

Кои се најважните проблеми со кои се соочува нашата земја денес?

**МОЖНОСТ ЗА ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**
**ЗБИРОТ НА % НАДМИНУВА 100**




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА ВО ЗЕМЈАТА И ВО ДОМАЌИНСТВОТО

# ОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА

На скала од 1 до 5, каде 1 =незадоволително, а 5= одлично, како би ја оцениле....?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА

Колкав процент од Вашите семејни приходи трошите за храна во домаќинството, месечно?

**44% ТРОШАТ ПОВЕЌЕ ОД 60% ОД СЕМЕЈНИОТ ПРИХОД ЗА ХРАНА**




**Испитаници кои изјавиле дека трошат повеќе од 60% од семејните месечни приходи според самопроценка на домаќинството**




**Испитаници кои изјавиле дека трошат повеќе од 60% од семејните месечни приходи според место на живеење**




База: 1003 (сите испитаници)

# ОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА

Во текот на изминативе 12 месеци, дали би рекле дека сте имале проблеми со плаќање на вашите сметки на крајот од месецот...?

**РЕЧИСИ 48% ОД ИСПИТАНИЦИТЕ ЧЕСТО ИЛИ ПОНЕКОГАШ ИМААТ ПРОБЛЕМИ СО ПЛАЌАЊЕ НА СМЕТКИТЕ НА КРАЈОТ НА МЕСЕЦОТ**




**Испитаници кои пријавиле дека често или понекогаш имаат проблеми со плаќањето сметки на крајот од месецот според самопроценка на домаќинството**




**Испитаници кои пријавиле дека често или понекогаш имаат проблеми со плаќањето сметки на крајот од месецот според место на живеење**




База: 1003 (сите испитаници)

# ОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА

Основниот начин да се снајдете, доколку Вашите семејни приходи не ви се доволни, за Вас е:...?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

# ОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА

Основниот начин да се снајдете, доколку Вашите семејни приходи не ви се доволни, за Вас е:...? Дистрибуција по возраст




**ЗАБЕЛЕШКА**

- Помладите испитаници поверојатно е да бараат дополнителен приход, додека повозрасните испитаници поверојатно е да ја намалат потрошувачката во случај семејните приходи да не се доволни

# ОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА

Основниот начин да се снајдете, доколку Вашите семејни приходи не ви се доволни, за Вас е:...? Дистрибуција по етничка припадност




## ЗАБЕЛЕШКА

- Етничките Албанци во повисок процент би се потпирале на помош од роднини или пријатели од странство во споредба со етничките Македонци и припадниците на останатите етнички заедници

# ОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА

Основниот начин да се снајдете, доколку Вашите семејни приходи не ви се доволни, за Вас е:...? Дистрибуција по месечни приходи




**ЗАБЕЛЕШКА**

- Ако семејниот приход не е доволен, испитаниците со **помали семејни приходи** е поверојатно да ја намалат потрошувачката, да побараат помош од роднини или пријатели од странство и да позајмуваат пари во споредба со испитаниците со повисоки семејни приходи.
- Испитаниците со **повисоки семејни приходи** е поверојатно дека би барале дополнителен приход и би трошеле од заштеди во споредба со испитаниците со помали семејни приходи

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА

Дали сметате дека во наредните 12 месеци состојбата ќе се подобри, ќе остане иста или ќе се влоши во однос на....?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

# ОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА

Ве молам да ми кажете дали се согласувате или не се согласувате со следниве изјави?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ЗАПОЗНАЕНОСТ И ОЦЕНКА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

# ЗАПОЗНАЕНОСТ СО МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Дали сте запознаени со секоја од следните мерки на Владата?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ЗАПОЗНАЕНОСТ СО МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Дали сте запознаени со секоја од следните мерки на Владата?




**ЛЕГЕНДА:**

**Запознаен** со мерките на Владата= знае повеќе од 5 мерки
**Ниту запознаен, ниту незапознаен**= знае 3 до 4 мерки
**Незапознаен** со мерките на Владата= знае помалку од 3 мерки

**Запознаени со мерките на Владата почесто се:**

- Македонци
- Повозрасни, 55+
- Жители на урбани средини
- Со високо образование
- Со повисоки семејни приходи (над 51.000 денари)
- Го оценуваат своето домаќинство како добростоечко

**НЕ запознаени со мерките на Владата почесто се:**

- Албанци и останати етнички заедници
- Помлади, 18-34
- Жители на рурални средини
- Со основно образование
- Со пониски семејни приходи (помалку од 31.000 денари)
- Го оценуваат своето домаќинство како сиромашно

**ЗАБЕЛЕШКА:** 21% од испитаниците не се запознаени со ниту една владина мерка, додека 31% се запознаени со сите 7 владини мерки

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Дали ја поддржувате мерката на Владата за прекин на субвенционирањето на струјата за производителите на леб, млеко, млечни производи, живинско месо, масло?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Дали се согласувате или не се согласувате дека секоја од следните мерки на Владата помага на стопанството и граѓаните во ублажување на ценовните зголемувања?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

**ЗАБЕЛЕШКА:** 26% од испитаниците се согласуваат со помалку од 3 мерки, 46% се согласуваат дека сите 6 споменати владини мерки помагаат на стопанството и на граѓаните во ублажување на ценовните зголемувања

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Дали ги поддржувате мерките на Владата за намалување на цената на определени видови производи?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ОЦЕНА НА НАМАЛУВАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ

Дали сте слушнале за мерките на Владата за намалување/замрзнување на цената на определени видови и количества стоки од 16 март 2023 година до 31 мај 2023 година?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Кои продукти чиишто цени се веќе намалени или замрзнати, сметате дека сè уште се скапи и треба уште да се намалат?

**МОЖНОСТ ЗА ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ
ЗБИРОТ НА % НАДМИНУВА 100**




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Што друго сметате дека треба да подлежи на ценовно намалување?

**МОЖНОСТ ЗА ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**
**ЗБИРОТ НА % НАДМИНУВА 100**

ОТВОРЕНО ПРАШАЊЕ




**“Месо и сувомеснати производи“ – најчест одговор**

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Намалување на цената на другите прехранбени производи** почесто се споменува од :

- Повозрасните испитаници
- Жители од урбани населени места
- Испитаници кои го оценуваат своето домаќинство како сиромашно

**Намалувањето на цената на горивото** почесто се споменува од:

- Помладите испитаници
- Жители од рурални населени места
- Испитаници кои го оценуваат своето домаќинство како добростоечко

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Освен ценовното намалување, која друга мерка сметате дека може да влијае на успешно ублажување на последиците од ценовните зголемувања?

ОТВОРЕНО ПРАШАЊЕ




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Ако сметате дека една партија е сериозно посветена на подобрување на економијата на земјата и справување со економската криза, дали е…?

**% НА СИТЕ ИСПИТАНИЦИ**




**71% ПОВЕРОЈАТНО ЌЕ ГЛАСААТ**

**% НА НЕОПРЕДЕЛЕНИ ГЛАСАЧИ**




**71% ПОВЕРОЈАТНО ЌЕ ГЛАСААТ**

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА




**СЕ СОГЛАСУВААТ дека Државниот пазарен инспекторат постапува на терен кон компании кои не ги почитуваат одредбите на Владата за намалување на цените на одредени прехранбени продукти**
**(48% не се согласуваат; 7% не знаат)**




**СЕ СОГЛАСУВААТ дека компаниите кои не ги почитуваат мерките и одлуките на Владата треба да бидат казнети**
**(13% не се согласуваат; 4% не знаат)**




**СЕ СОГЛАСУВААТ дека компаниите треба да покажат општествена одговорност и самите да ги намалат цените на производите, со оглед на намалување на цените на суровините на светските берзи**
**(11% не се согласуваат; 3% не знаат)**

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Кој сметате дека е најмногу одговорен за инфлацијата и зголемувањето на цените во нашата земја?

**МОЖНОСТ ЗА ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**
**ЗБИРОТ НА % НАДМИНУВА 100**




**ЗАБЕЛЕШКА:**

- 89% од одговорите на гласачите на ВМРО-ДПМНЕ се однесуваат на Владата наспроти единствено 17% од одговорите на гласачите на СДСМ
- 33% од одговорите на гласачите на ВМРО-ДПМНЕ се однесуваат на енергетската криза наспроти 70% од одговорите на гласачите на СДСМ

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

За сите наброени подолу, Ве молам оцenете со 1 до 5 (каде 1 е незадоволително, 5 е одлично) колку биле ефикасни во справувањето со економската криза, зголемувањето на цените и енергетската криза:




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Дали во изминатата година сте користеле било каква помош / финансиска мерка / или социјална помош од страна Владата на РСМ?

- **Дали сте користеле било каква финансиска мерка?**




- **Дали беше доволна?**

% ОД ОНИЕ КОИ КОРИСТЕЛЕ ФИНАНСИСКА МЕРКА




- **Дали беше лесно достапна?**

% ОД ОНИЕ КОИ КОРИСТЕЛЕ ФИНАНСИСКА МЕРКА




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ОЦЕНА НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА

Кои категории на граѓани сметате дека треба добиваат финансиска поддршка од Владата за надминување на економската криза?

**МОЖНОСТ ЗА ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**
**ЗБИРОТ НА % НАДМИНУВА 100**




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО И ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Дали сметате дека во нашата земја се добива соодветен квалитет за производите/ услугите за цената која се плаќа?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Дали во изминатите 24 месеци сте имале некакви проблеми при пазарење на производи/ услуги во:

**МОЖНОСТ ЗА ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**
**ЗБИРОТ НА % НАДМИНУВА 100**




**1 од 4** испитаници имале проблеми при купување производи/услуги во изминатите 24 месеци

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Што направивте кога имавте проблеми при пазарење на производи/услуги?

**МОЖНОСТ ЗА ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ ЗБИРОТ НА % НАДМИНУВА 100**

% НА ИСПИТАНИЦИ КОИ ИМАЛЕ ПРОБЛЕМИ ПРИ ПАЗАРЕЊЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 24 МЕСЕЦИ

База: 256 испитаници



# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Дали бевте задоволни од исходот?

% НА ИСПИТАНИЦИ КОИ ИМАЛЕ ПРОБЛЕМИ ПРИ ПАЗАРЕЊЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 24 МЕСЕЦИ

База: 256 испитаници

**40%** ЗАДОВОЛНИ

**48%** НЕЗАДОВОЛНИ



# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

За секоја од следните ситуации, Ве молам кажете ми дали ги знаете вашите права како потрошувач?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

За секоја од следните ситуации, Ве молам кажете ми дали ги знаете вашите права како потрошувач?




**ЛЕГЕНДА:**

**Запознаен со потрошувачките права**= знае повеќе од 5 права

**Ниту запознаен, ниту незапознаен** = знае 3 до 4 права

**Незапознаен со потрошувачките права**= знае помалку од 3 права

**Запознаени со правата на потрошувачите почесто се:**

- Помлади (18-34 години)
- Со високо образование
- Повисоки семејни месечни приходи (над 51.000 денари)
- Испитаници кои го оценуваат своето домаќинство како добростоечко

**Незапознаени со правата на потрошувачите почесто се:**

- Повозрасни (над 55 години)
- Со основно образование
- Пониски семејни месечни приходи (помалку од 31.000 денари)
- Испитаници кои го оценуваат своето домаќинство како сиромашно

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Каде би се обратиле за информации или совети за вашите права како потрошувач доколку имате проблем со производ, услуга или продавач?

**МОЖНОСТ ЗА ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**
**ЗБИРОТ НА % НАДМИНУВА 100**




**5 Најчести одговори**

42% „Нема да има ефект, нема решение“
16% „Нема закони за заштита на потрошувачите, недоверба во системот“
11% „Не знам каде да пријавам“
9% „Немам кој да ми помогне, немам врски“
4% „Немам време, не сакам проблеми“

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Дали во последните 2 години сте забележале било какви информации во врска со правата на потрошувачите?

%




- **Каде сте забележале информации во врска со правата на потрошувачите?**

**% ОД ИСПИТАНИЦИТЕ КОИ ЗАБЕЛЕЖАЛЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ (3 НАЈЧЕСТИ ОДГОВОРИ)**

База: 181 испитаници

**43%**  ТВ

**18%** 

Веб страници

**18%**  Социјални мрежи

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Дали сте слушнале за Програмата за заштита на потрошувачи, (која вклучува, општа безбедност на производите, здравствена заштита, нечесно пазарно однесување, рекламирање на производи и услуги итн.), донесена од Владата на РСМ? ПРОФИЛ НА ИСПИТАНИЦИ

%




**Запознаени со ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ почесто се:**

- Мажи
- Македонци
- Жители на урбани населени места
- Со високо образование
- Со повисоки семејни приходи ( над 51.000 денари)
- Испитаници кои го оценуваат своето домаќинство како добростоечко

**Незапознаени со ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ почесто се:**

- Жени
- Албанци
- Жители на рурални населени места
- Со основно образование
- Со пониски семејни приходи (помалку од 31.000 денари)
- Испитаници кои го оценуваат своето домаќинство како сиромашно

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Некои луѓе велат дека производителите, продавачите и давателите на услуги во нашата земја ги почитуваат правата на потрошувачите и правилата за заштита? До кој степен се согласувате или не се согласувате со оваа изјава?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Некои луѓе велат дека нашиот правосуден систем е ефикасен во казнувањето на оние производители, продавачи и даватели на услуги во нашата земја кои НЕ ги почитуваат правата на потрошувачите и правилата за заштита?
До кој степен се согласувате или не се согласувате со оваа изјава?




**22%** СЕ СОГЛАСУВААТ

**71%** НЕ СЕ СОГЛАСУВААТ

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Дали се согласувате со Одлуката на Уставниот суд за укинување на мерката со која се овозможува покачување на платите на именуваните државни функционери (односно на министрите и нивните заменици, директорите и нивните заменици, премиерот, претседателот, судиите) за 78%?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 3,09

# ПОТРОШУВАЧКО ИСКУСТВО

Од каде најчесто се информирате?




База: 569 испитаници

5 најчести одговори

35% Сител
19% Алсат
16% Канал 5
8% Алфа
8% Телма

5 најчести одговори

18% time.mk
10% top24.mk
10% tetovasot.com
9% kurir.mk
6% zhurnal.mk

База: 68 испитаници

База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# МЕДИУМСКИ НАВИКИ

## ПРОФИЛ НА ИСПИТАНИЦИТЕ

**Почесто се иформираат од социјалните мрежи:**

- Помлади (од 18-34 години)
- Високо образовани
- Студенти
- Со повисоки семејни приходи (над 51.000 денари)
- Го оценуваат своето домаќинство како добростоечко

**Почесто се информираат од ТВ канали:**

- Постари (над 55 годишна возраст)
- Со основно образование
- Домаќинки или пензионери
- Ниски семејни приходи (помалку од 31.000 денари)
- Го оценуваат своето домаќинство како сиромашно

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ГЛАСАЧКИ ПРЕФЕРЕНЦИИ

# ГЛАСАЧКИ ПРЕФЕРЕНЦИИ

Доколку утре се одржуваат парламентарни избори, колку е веројатно дека ќе излезете да гласате?




**Испитаниците кои изјавиле дека дефинитивно или веројатно би гласале според етничка припадност**




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

# ГЛАСАЧКИ ПРЕФЕРЕНЦИИ

За кого ќе гласате доколку утре се одржуваат парламентарни избори?




База: 1003 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 3,09

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# ПРОФИЛИ СПОРЕД ГЛАСАЧКИ ПРЕФЕРЕНЦИИ

| ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | НЕОПРЕДЕЛЕНИ ГЛАСАЧИ |
|---|---|---|---|
| **85%** веруваат дека земјата се движи во погрешна насока | 6% веруваат дека земјата се движи во погрешна насока | 39% веруваат дека земјата се движи во погрешна насока | 51% веруваат дека земјата се движи во погрешна насока |
| **39%** веруваат дека криминалот и корупцијата се најголемите проблеми | 14% веруваат дека криминалот и корупцијата се најголемите проблеми | 5% веруваат дека криминалот и корупцијата се најголемите проблеми | 20% веруваат дека криминалот и корупцијата се најголемите проблеми |
| 5% веруваат дека интеграцијата во ЕУ е најголемиот проблем | **17%** веруваат дека интеграцијата во ЕУ е најголемиот проблем | 8% веруваат дека интеграцијата во ЕУ е најголемиот проблем | 6% веруваат дека интеграцијата во ЕУ е најголемиот проблем |
| **74%** се незадоволни од моменталната состојба со економијата | 7% се незадоволни од моменталната состојба со економијата | 34% се незадоволни од моменталната состојба со економијата | 39% се незадоволни од моменталната состојба со економијата |
| 5% веруваат дека состојбата со економијата ќе се подобри | **57%** веруваат дека состојбата со економијата ќе се подобри | 24% веруваат дека состојбата со економијата ќе се подобри | 13% веруваат дека состојбата со економијата ќе се подобри |
| 3% ја оценуваат Владата како успешна во справувањето со кризата | **77%** ја оценуваат Владата како успешна во справувањето со кризата | 51% ја оценуваат Владата како успешна во справувањето со кризата | 25% ја оценуваат Владата како успешна во справувањето со кризата |
| 65% наведуваат дека е поверојатно да гласаат за партијата која е успешна во подобрување на економијата | **82%** наведуваат дека е поверојатно да гласаат за партијата која е успешна во подобрување на економијата | 64% наведуваат дека е поверојатно да гласаат за партијата која е успешна во подобрување на економијата | 53% наведуваат дека е поверојатно да гласаат за партијата која е успешна во подобрување на економијата |
| **89%** наведуваат Владата е најодговорна за економската криза | 17% наведуваат Владата е најодговорна за економската криза | 42% наведуваат Владата е најодговорна за економската криза | 61% наведуваат Владата е најодговорна за економската криза |
| 33% наведуваат дека енергетската криза е најодговорна за економската криза | **70%** наведуваат дека енергетската криза е најодговорна за економската криза | 13% наведуваат дека енергетската криза е најодговорна за економската криза | 42% наведуваат дека енергетската криза е најодговорна за економската криза |
| **68%** ТВ е нивниот најчест извор на информации | 54% ТВ е нивниот најчест извор на информации | 55% ТВ е нивниот најчест извор на информации | 48% ТВ е нивниот најчест извор на информации |
| Топ 3 ТВ канали:<br>55% ТВ Сител<br>20% ТВ Алфа<br>16% ТВ Канал 5 | Топ 3 ТВ канали:<br>28% ТВ Канал 5<br>27% ТВ Сител<br>20% ТВ 24 | Топ 3 ТВ канали:<br>63% ТВ Алсат<br>13% ТВ 21<br>10% ТВ Сител | Топ 3 ТВ канали:<br>28% ТВ Алсат<br>27% ТВ Сител<br>8% ТВ Алфа |

# ПРЕПОРАКИ

- „Стабилност на цените“, зголемување на платите и контрола на профитните маржи се приоритетните мерки на кои Владата треба да се фокусира во блиска иднина.
- Субвенциите остануваат најпопуларна економска мерка и тие треба да продолжат да се обезбедуваат за основни потреби (храна и сметки за струја).
- Меѓутоа, ако субвенциите продолжат подолг временски период, тогаш:
    - ќе има буџетски последици;
    - долгорочно, тоа влијае на платниот биланс;
    - може да нема добро влијание на демократските процеси во земјата (Владата би можела да ја искористи оваа мерка за да ги контролира гласачките преференции на граѓаните);
    - ја зголемува државната економија за сметка на влијанието на приватниот сектор;
    - создава пазарни нарушувања во економијата бидејќи фаворизира еден/неколку сектор(и) во однос на другите сектори во економијата.
- Владата треба да иницира поефикасна стратегија на терен со поширок досег за информирање на целните заедници за антикризните мерки.
- Владата треба да лансира едукативна и информативна платформа за пошироката публика за заштита на потрошувачите со цел подобро информирање на граѓаните за нивните права како потрошувачи.
- Треба да се развие потранспарентен и ефикасен механизам за посредување за спорови меѓу потрошувачите и компаниите за да се подобри довербата во институциите.

ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСИТЕ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЈАВНИТЕ СОЦИО-ЕКОНОМСКИ ПРИОРИТЕТИ И ЗА ПОДДРШКА НА МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ КОИ ОВОЗМОЖУВААТ СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОЛИТИКИТЕ И ЗАКОНИТЕ, НАЦИОНАЛНИОТ ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ (НДИ) СПРОВЕДУВА РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА, *ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТСКАТА ОТПОРНОСТ ПРЕКУ ОДГОВОРНО ВЛАДЕЕЊЕ*. ОВАА КВАНТИТАТИВНА ИСТРАЖУВАЧКА СТУДИЈА, СПРОВЕДЕНА ОД ТИМ ИНСТИТУТ И ФИНАНСИРАНА ОД НАЦИОНАЛНАТА ФОНДАЦИЈА ЗА ДЕМОКРАТИЈА (NED), Е АКТИВНОСТ НА ПРОГРАМАТА. НАОДИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НЕ МОРА ДА ГИ ОДРАЗУВААТ СТАВОВИТЕ НА НДИ ИЛИ НЕД.